# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА - ШТИП*

| Службен гласник<br>на Општина - Штип<br>Излегува по потреба | Број 12<br>7 октомври 2008 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLV |
|---|---|---|


250.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗОТИИ, ЕПИФИТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

I

Се објавува Одлуката за донесување Процена на загрозеноста од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2378/2
7 октомври 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

251.

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ број 67/04) и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ЕПИДЕМИИ, ЕПИЗОТИИ, ЕПИФИТОТИИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

Член 1

Се донесува Процена на загрозеноста од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Процена на загрозеноста од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2378/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

252.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2379/2<br>7 октомври 2008 година<br>Ш т и п

Градоначалник<br>на Општина Штип<br>Панде Сарев, с. р.

253.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:
- Фестивалот за музика „Макфест“-Штип - 200.000,00 денари,
- Фестивалот за музика „Макфест“-Штип за издавање на фотомонографија „Она што беше КУД „Македонка“ - 60.000,00 денари,
- Ненад Анчев за учество на Светската олипмијада по информатика во Каиро-Египет - 30.000,00 денари,
- Пчеларското друштво „Нектар“-Штип за организирање на Третиот фестивал на медот „Ани-фест Штип-2008“ - 20.000,00 денари,
- Здружението на ромите „Черења“-Штип за организирање на културно забавна вечер по повод муслиманскиот празник Рамазан Бајрам – 20.000 денари,
- Љупка Тасевска за интернационална пракса во Трст-Италија – 15.000,00 денари.

Член 2

По точките 1 и 2 од член 1 да се достави извештај за потрошените средства.

Член 3

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2379/1
29 септември 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

254.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ
НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2380/2
7 октомври 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

255.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/06, 04/06, 04/07 и 04/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се доделува еднократна парична помош за лекување на:

1. Минир Демовски - 6.000,00 денари.
2. Гордана Николова - 6.000,00 денари.
3. Николчо Јованов - 6.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2380/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

256.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства од „спортскиот денар“ на спортски клубови во Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2381/2
7 октомври 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

257.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
# ОД „СПОРТСКИОТ ДЕНАР“
# НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

## Член 1

Се доделуваат финансиски средства од „спортскиот денар“ на:

1. Карате клубот „Македонка“ за доплата на котизацијата за 2007 година – 5.500,00 денари.
2. Карате клубот „Македонка“ за котизацијата за 2008 година во износ од 13.000,00 денари и тоа 3.000,00 денари за годишна екипна котизација и 10.000,00 денари за индивидуална котизација (за 50 натпреварувачи по 200,00 денари).
3. Македонската планинарска асоцијација за учество на Светското првенство во планинско трчање во Sierre Crans – Montana – 24.000,00 денари (по 8.000,00 денари по учесник).
4. Општинскиот фудбалски сојуз за функционирање и натпреварување во есенскиот дел од првенствената 2008 година на пионерска фудбалска школа–ФК „Балкан Експрес-Бело Брдо“– 3.000,00 денари.
5. Општинскиот фудбалски сојуз за есенскиот дел на ОФ Лига-Штип за првенствена сезона 2008/09 за котизација – 60.000,00 денари, за клубовите:

- ФК „Бело Брдо-Балкан Експрес“
- ФК „Сењак 99“
- ФК „Дузлак 2003“
- ФК „Баби“
- ФК „Балкан“
- ФК „Кардашлик“
- ФК „Три Чешми“
- ФК „Дрводекор“.

## Член 2

Средствата од точките 1 и 2 да се уплатат на сметката на Карате федерацијата на Македонија.

Доколку средствата се платени со доказ за платените средства, средствата да се преведат на сметката на клубот.

Средствата од точка 3 да се уплатат на сметката на Планинарскиот клуб.

Средствата од точка 4 и 5 да се уплатат на сметката на Општински фудбалски сојуз.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2381/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

258.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ
ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ СО СРЕДСТВА И ОПРЕМА
ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

I

Се објавува Ценовникот за вршење на услуги со средства и опрема за противпожарна заштита.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2382/2
7 октомври 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

259.

Врз основа на член 5 став 2 и член 49 став 1 алинеја 7 од Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ“ број 67/04) и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

## ЦЕНОВНИК
## ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ СО СРЕДСТВА И ОПРЕМА
## ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

### Член 1

За вршење на услуги со средствата и опремата за противпожарна заштита се донесува следниот ценовник:

1. За носење вода со автоцистерни за една цистерна ќе се наплатува:
   - за одалеченост до 3 км. по 3.000,00 денари;
   - за одалеченост до 10 км. по 3.500,00 денари;
   - за одалеченост до 15 км. по 4.000,00 денари;
   - за одалеченост поголема од 15 км. се додава уште по 20,00 денари од тековен километар (за цистерна од 7 тони по 140,00 денари од километар).
2. За користење на противпожарно возило за обезбедување на саеми, јавни приредби, индустриски и други објекти ќе се наплатува по 2.500,00 денари од ден.
3. За користење на противпожарно возило за давање вода под притисок ќе се наплатува:
   - за носење вода со една цистерна 3.000,00 денари;
   - за работа на помпа на возилото за еден (1) работен час 1.000,00 денари.
4. За исцрпување на вода со моторна помпа за работа од еден (1) час ќе се наплатува 1.000,00 денари.
5. За исцрпување на вода со електрична помпа за работа од еден (1) час ќе се наплатува по 800,00 денари.

### Член 2

Средствата за извршените услуги се приход на буџетот на Општина Штип, а ќе се користат за техничко доопремување и подобрување на условите за работа на противпожарната единица.

### Член 3

Овој Ценовник влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2382/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

260.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“ – ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“ – Штип за периодот 01.01. до 31.03.2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2383/2
7 октомври 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

261.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“ – ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП „Исар“ – Штип за периодот 01.01. до 31.03.2008 година со следните **забелешки**:

1. Задоцнето доставување на Извештајот до Комисијата и до Советот од страна на ЈП „Исар“.
2. Зголемување на бруто платите во однос на извештајниот период од минатата година.
3. Зголемени трошоци за регрес за годишен одмор и новогодишни подароци.
4. Зголемување на трошоците за резервни делови.
5. Организацијата на активностите во РЕ „Пазар“ во врска со пазарните денови.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2383/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

262.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРЕСМЕТАНИ, НАПЛАТЕНИ И ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД СПОРТСКИОТ ДЕНАР ЗА СПОРТСКИТЕ ЕКИПИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2007 ДО 15.07.2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот од ЈП „Исар“ за пресметани, наплатени и потрошени средства за спортски денар за спортски екипи за периодот од 01.01.2007 до 15.07.2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2384/2 Градоначалник
7 октомври 2008 година на Општина Штип
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

263.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
ПРЕСМЕТАНИ, НАПЛАТЕНИ И ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА
ОД СПОРТСКИОТ ДЕНАР ЗА СПОРТСКИТЕ ЕКИПИ
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2007 ДО 15.07.2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за пресметани, наплатени и потрошени средства за спортски денар за спортски екипи за период од 01.01.2007 до 15.07.2008 година со следниот **заклучок**:

- За следната седница да се разгледа и предложи начин на распределба на останатите, а непотрошени средства од спортскиот денар прикажани во Извештајот за пресметани, наплатени и потрошени средства за спортски денар за спортски екипи за период од 01.01.2007 до 15.07.2008 година

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2384/1 Претседател
29 септември 2008 година на Советот на Општина Штип
Ш т и п Драги Илиев, с. р.

264.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН ЗА ПЕРИОД 01.01. ДО 31.12.2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за одржување на градскиот стадион ФК „Брегалница“ за период 01.01. до 31.12.2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2385/2
7 октомври 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

265.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН ЗА ПЕРИОД 01.01. ДО 31.12.2008 ГОДИНА

I

Се донесува Програма за одржување на градскиот стадион ФК „Брегалница“ за период 01.01. до 31.12.2008 година

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2385/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

266.

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН НА ФК „БРЕГАЛНИЦА“ ЗА 2008 ГОДИНА

Вкупната површина на градскиот стадион на ФК „Брегалница“ изнесува 9.000м$^2$ главен терен.

Во текот на целата година според календарот за работа ќе се врши редовно косење, собирање, утовар и транспорт на искосената трева, наводнување, валирање, ѓубрење со NPK, третирање со хемиски препарати, сеење со тревно семе, метење трибини, одбележување на теренот со вар, поставување на мрежи на головите, одржување на соблекувалните.

## С п е ц и ф и к а ц и ј а
## на трошоци за одржување на градскиот стадион на ФК „Брегалница“ за период 01.01.-31.12.2008 година

Планирани средства од буџетот на Општина Штип

| | | |
|---|---|---|
| Наводнување:<br>Главен терен 12м x 4 = 48 x 9.000м$^2$ = 432.000м$^2$ x 0,30 денари | | 129.600,00 |
| Машинско косење:<br>Главен терен 12м x 3 = 36 x 9.000м$^2$ = 324.000м$^2$ x 0,95 денари | | 307.800,00 |
| Собирање на искосена трева<br>(Главен терен) | 324.000м$^2$ x 0,50 денари | 162.000,00 |
| Утовар и транспорт на искосена трева | 324.000м$^2$ x 0,10 денари | 32.400,00 |
| Ѓубрење со NPK | 200 кг. x 30,00 денари | 6.000,00 |
| Сеење со тревно семе | 200 кг. x 200,00 денари | 40.000,00 |
| Метење на трибини:<br>12м x 4 = 48 x 2.000м$^2$ = 96.000м$^2$ x 0,29 денари | | 27.840,00 |

| | |
|---|---|
| Употребена вар за одбележување на стадионот 1.500 кг. х 15,00 денари | 22.500,00 |
| Третирање со хемиски препарати | 5.000,00 |
| Резервни делови за одржување на пумпа за наводнување и на водоводна и канализациона мрежа во соблекувалната | 16.860,00 |
| **Вкупно**: | **750.000,00** |

ЈП „Исар“-Штип
РЕ „Паркови и зеленило“

267.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ
НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Штипско културно лето 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2386/2 — Градоначалник
7 октомври 2008 година — на Општина Штип
Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

268.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2008 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Штипско културно лето 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2386/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

269.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА РОМИТЕ „ЧЕРЕЊА“-ШТИП ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2008-2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето од здружение на ромите „Черења“ – Штип за финансиска поддршка на Програмата за образование 2008-2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2387/2
7 октомври 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип

Панде Сарев, с. р.

270.

Врз основа на член 21 точка 11 и точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД
ЗДРУЖЕНИЕ НА РОМИТЕ „ЧЕРЕЊА“-ШТИП
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОГРАМА ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2008-2010 ГОДИНА

I

Се прифаќа Барањето за финансиска поддршка на Програма за образование 2008-2010 година од здружение на ромите „Черења“ – Штип со следните **заклучоци**:

- Се прифаќа делот од Програмата со кој се предвидува квалификација на 25 млади роми со завршено основно образование за кој се потребни средства во износ од 465.000,00 денари.
- Доколку НВО-здружение на ромите „Черења“-Штип обезбеди донатори за реализација на конкретниот проект, локалната самоуправа да даде поддршка во износ на процент што го предвидуваат критериумите на донаторот, но не повеќе од 30% од вкупниот износ за проектот и согласно можностите на буџетот на локалната самоуправа.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2387/1
29 септември 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

271.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ
НА БАРАЊЕТО ОД МЗ „МАКЕДОНКА“
ЗА ПРОМЕНА НА ДУП-МАКЕДОНКА

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето од МЗ „Македонка“ за промена на ДУП-Македонка.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2388/2 Градоначалник
7 октомври 2008 година на Општина Штип
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

272.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД
МЗ „МАКЕДОНКА“ ЗА ПРОМЕНА НА ДУП-МАКЕДОНКА

I

Се прифаќа Барањето од МЗ „Македонка“ за промена на ДУП-Македонка со следниот **заклучок**:

- Барањето да се вклопи во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2009 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2388/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

273.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПИСМО ЗА НАМЕРИ
ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ „БАРГАЛА“-ШТИП И ПЛАНИНАРСКО ДРУШТВО „ЛИСЕЦ“-ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Писмо за намери од Здружение на млади истражувачи „Баргала“-Штип и Планинарско друштво „Лисец“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2389/2
7 октомври 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип
Панде Сарев, с. р.

274.

Врз основа на член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07 и 11/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПИСМО ЗА НАМЕРИ ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ „БАРГАЛА“-ШТИП И ПЛАНИНАРСКО ДРУШТВО „ЛИСЕЦ“-ШТИП

I

Се прифаќа Писмо за намери од Здружение на млади истражувачи „Баргала“-Штип и Планинарско друштво „Лисец“-Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-2389/1
29 септември 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип
Драги Илиев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 250. | Решение за објавување на Одлуката за донесување Процена на загрозеноста од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи | 312/12 |
| 251. | Одлука за донесување Процена на загрозеноста од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи | 312/12 |
| 252. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 313/12 |
| 253. | Одлука за доделување на финансиски средства | 314/12 |
| 254. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување | 315/12 |
| 255. | Одлука за доделување на финансиски средства за лекување | 315/12 |
| 256. | Решение за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства од „спортскиот денар“ на спортски клубови во Штип | 316/12 |
| 257. | Одлука за доделување финансиски средства од „спортскиот денар“ на спортски клубови во Штип | 317/12 |
| 258. | Решение за објавување на Ценовникот за вршење на услуги со средства и опрема за противпожарна заштита | 318/12 |
| 259. | Ценовник за вршење на услуги со средства и опрема за противпожарна заштита | 319/12 |
| 260. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“ – Штип за периодот 01.01. до 31.03.2008 година | 320/12 |
| 261. | Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“ – Штип за периодот 01.01. до 31.03.2008 година | 320/12 |
| 262. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот од ЈП „Исар“ за пресметани, наплатени и потрошени средства за спортски денар за спортски екипи за периодот од 01.01.2007 до 15.07.2008 година | 321/12 |
| 263. | Заклучок за усвојување на Извештајот од ЈП „Исар“ за пресметани, наплатени и потрошени средства за спортски денар за спортски екипи за периодот од 01.01.2007 до 15.07.2008 година | 322/12 |

| | | |
|---|---|---|
| 264. | Решение за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за одржување на градскиот стадион за период 01.01. до 30.06.2008 година | 323/12 |
| 265. | Заклучок за донесување на Програма за одржување на градскиот стадион за период 01.01. до 30.06.2008 година | 323/12 |
| 266. | Програма за одржување на градскиот стадион за период 01.01. до 30.06.2008 година | 324/12 |
| 267. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Штипско културно лето 2008 година | 325/12 |
| 268. | Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Штипско културно лето 2008 година | 325/12 |
| 269. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Барањето од здружение на ромите „Черења“ – Штип за финансиска поддршка на Програмата за образование 2008-2010 година | 326/12 |
| 270. | Заклучокот за прифаќање на Барањето од здружение на ромите „Черења“ – Штип за финансиска поддршка на Програмата за образование 2008-2010 година | 327/12 |
| 271. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Барањето од МЗ „Македонка“ за промена на ДУП-Македонка | 328/12 |
| 272. | Заклучок за прифаќање на Барањето од МЗ „Македонка“ за промена на ДУП-Македонка | 328/12 |
| 273. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Писмото за намери од Здружение на млади истражувачи „Баргала“-Штип и Планинарско друштво „Лисец“-Штип | 329/12 |
| 274. | Заклучок за прифаќање на Писмото за намери од Здружение на млади истражувачи „Баргала“-Штип и Планинарско друштво „Лисец“-Штип | 330/12 |